**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-388
22.12 **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-4656/3 од 21.12.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 41-та седница одржана на 21.12.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 7-ми ноември 2023 година, два блока објави / најави за играна програма не биле означени со соодветна предупредувачка сигнализација за класификацијата на категоријата програма планирана за прикажување.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите не смеат да емитуваат или да пренесуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или прекумерно насилство. Давателите на услуги, по барање, мора да преземат најстроги технички мерки за да обезбедат дека малолетните лица се заштитени од најштетните содржини како што се прекумерното насилство и порнографијата. Освен програмите од ставот (1) на овој член, други програми кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица се обезбедуваат од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги така што малолетните лица да не можат на вообичаениот начин да ги видат или да ги слушнат програмите. Кога програмите се емитуваат или репризираат во некодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во целиот тек на емитувањето на програмите (член 50 став 3 од ЗАВМУ).

Во член 22 од ПЗМЛ пропишано е дека објавите (промотивните најави) за програмите на радиодифузерите не смеат да содржат описи, сцени и/или глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица. Објавите од став 1 на овој член задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 22 став 2).

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 1-ви декември 2023 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7-ми ноември 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на член 22 став 2 од ПЗМЛ.

Имено, со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 ноември 2023 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на членот 22 став 2 од ПЗМЛ (предупредувачката сигнализација за категоријата програма задолжително се аплицира на објавите / промотивните најави на програмите). Спротивно на членот 22 став 2 од ПЗМЛ, во два блока од програмскиот сервис од 7-ми ноември 2023 година, без задолжителна предупредувачка сигнализација за категоријата програма, под заеднички наслов: „Овој викенд од филмотеката на Телма“, едноподруго беа емитувани куси најави за играна програма, и тоа: „Магичниот Мајк“, „Гласот на прашумата“, „Незамисливо“, „Невиност“ и „Црвената Џоан“.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 04.12.2023 г., испрати Допис наш арх.бр.10-4476/2 од 04.12.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 05.12.2023 година, за што во предвидениот рок ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ, арх.бр.0204-429 од 11.12.2023 г. (наш арх.бр.10-4458/3 од 12.12.2023 г.). Советот на Агенцијата на 41-та седница одржана на 21.12.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 22 став 2 од ПЗМЛ, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-

4656/3 од 21.12.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и на ПЗМЛ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 41-та седница одржана на 21.12.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4476/1 од 01.12.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

01.12.2023
10 4476 1

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 7 ноември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 декември 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:**

- *На 16.06.2023 година, за непочитување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-212 од 16.06.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*
  *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (19.06.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

  *Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис емитуван на 13 јули 2023 година беше констатирано дека не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-212 од 16.06.2023 година), односно не ја отстранил извршената повреда на членот 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ (со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23, одредбите од член 55 кои претходно беа ставови 5, 6 и 7, станаа член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4).*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 7 ноември 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица** (*предупредувачката сигнализација за категоријата програма задолжително се апплицира на објавите / промотивните најави на програмите*).

Спротивно на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во два блока од програмскиот сервис од 7 ноември 2023 година, без задолжителна предупредувачка сигнализација за категоријата програма, под заеднички наслов: „*Овој викенд од филмотеката на Телма*“, еднoподруго беа емитувани куси најави за играна програма.

**7 ноември 2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| <u>Објави/промотивни најави за играните филмови</u>:<br>- „Магичниот Мајк“;<br>- „Гласот на прашумата“;<br>- „Незамисливо“;<br>- „Невиност“;<br>- „Црвената Џоан“. | 18:28:14 | 18:29:04 |
| | 20:55:30 | 20:56:22 |

| **Опис на прекршувањето** |
| --- |
| Објавите/промотивните најави за играната програма не беа означени со соодветна предупредувачка / класификациска сигнализација; |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван на 7 ноември 2023 година, два блока објави / најави за играна програма не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за класификацијата на категоријата програма планирана за прикажување.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ, Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи:***